**ГРАД СКОПЈЕ**
ГРАДОНАЧАЛНИК

MQS
Partner of Quality Austria
Сертифициран систем според
ISO 9001:2015 Бр. Q-1110/0

Бул. Илинден 82
1000 Скопје
www.skopje.gov.mk

**Наш број:** 08 - 934
30-01- 2024
**Скопје**

Врз основа на член 52 став 1 од Законот за административните службеници („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 48/2015, 154/2015, 5/2016, 142/2016 и 11/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.275/2019, 14/2020, 215/2021 и 99/2022), Градоначалникот на Град Скопје донесе

**О Д Л У К А**
за избор на кандидат по интерен оглас

1.По интерен оглас бр.01/2024 за пополнување на работно место со унапредување, за извршител на работното место Виш соработник за прописи, шифра УПР0101В02000, на ниво В2, Одделение за нормативa, Сектор за правни работи, се избира кандидатот Тони Ѓуровски.
2.Именуваниот ќе биде унапреден на работното место од претходната точка, по конечноста оваа одлука, за што ќе се донесе решение за унапредување.

**О б р а з л о ж е н и е**

На ден 12.01.2024 година на интернет страницата на Град Скопје и Агенцијата за администрација, Град Скопје објави интерен оглас бр.01/2024 за пополнување работно место со унапредување.

Комисијата за селекција за унапредување, формирана со Решение на Градоначалникот на Град Скопје бр.08-162/4 од 26.01.2024 година, ја спроведе административната селекција и интервјуто и по извршеното бодување, изготви финална ранг листа на интервјуираните кандидати и предлог одлука за избор на прворангираниот кандидат, во којашто за работното место Виш соработник за прописи, шифра УПР0101В02000, на ниво В2, Одделение за нормативa, Сектор за правни работи, предложи да се избере кандидатот Тони Ѓуровски.

Врз основа на горенаведеното, Градоначалникот на Град Скопје изврши избор како во диспозитивот на оваа одлука.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против оваа одлука незадоволниот кандидат има право да поднесе жалба до Агенцијата за администрација во рок од 8 дена од денот на приемот.

**ДОСТАВЕНО ДО:**
- Избраниот кандидат;
- Секторот за управување со човечки ресурси;
- Архивата.

**Град Скопје**
**Градоначалник**

______________________
**Данела Арсовска**